# Службен гласник

## на Општина Кавадарци

| Број 4 | 16.12.2021 година |
|---|---|


СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП „Комуналец“ Кавадарци од минати години | 4 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП „Комуналец“ Кавадарци од минати години | 4 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1„„МОНОПОЛ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025 | 5 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1„„МОНОПОЛ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025 | 5 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на Договор | 7 |
| Одлука за давање согласност за склучување на Договор | 8 |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување на Локален Еколошки Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Кавадарци, со Заклучок | 8 |
| Одлука за усвојување на Локален Еколошки Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Кавадарци, со Заклучок | 9 |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување на Стратегија на Општина Кавадарци за соработка со граѓанските организации 2021-2025 со Акциски план | 10 |
| Одлука за усвојување на Стратегија на Општина Кавадарци за соработка со граѓанските организации 2021-2025 со Акциски план | 10 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за усвојување на Стратешки План за намалување на ризиците од катастрофи на Општина Кавадарци 2021-2025 | 11 |
| Одлука за усвојување на Стратешки План за намалување на ризиците од катастрофи на Општина Кавадарци 2021-2025 | 11 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци | 12 |
| Програма за изменување и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци | 12 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќа за користење на општинските јавните патишта | 13 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќа за користење на општинските јавните патишта | 13 |
| Решение за објавување на Програма за волонтери на Општина Кавадарци за 2022 година | 14 |
| Програма за волонтери на Општина Кавадарци за 2022 година | 15 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈП„Комуналец“ Кавадарци за 2022 година | 18 |
| Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈП„Комуналец“ Кавадарци за 2022 година | 18 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Финансискиот План за 2022година на ЈП„Комуналец“ Кавадарци | 19 |
| Заклучок за усвојување на Финансискиот План за 2022 година на ЈП„Комуналец“ Кавадарци | 20 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Програмата за работа на МХЕЦ „Лукар“ ДООЕЛ Кавадарци за 2022 година | 20 |
| Заклучок за усвојување на Програмата за работа на МХЕЦ „Лукар“ ДООЕЛ Кавадарци за 2022 година | 21 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Финансискиот План за 2022година на МХЕЦ „Лукар“ ДООЕЛ Кавадарци за 2022 година | 21 |
| Заклучок за усвојување на Финансискиот План за 2022година на МХЕЦ „Лукар“ ДООЕЛ Кавадарци за 2022 година | 22 |
| Решение за објавување наОдлука за давање согласност на Одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за комунални работи „Комуналец“ Кавадарци | 22 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за комунални работи „Комуналец“ Кавадарци | 23 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната | 23 |

| | |
|---|---|
| Програма со финансиски план на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум –Јадро Кавадарци за 2022 година | |
| Заклучок за усвојување на Годишната Програма со финансиски план на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум –Јадро Кавадарци за 2022 година | 24 |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци | 24 |
| Одлука за примање донација од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци | 25 |
| Решение за објавување на Заклучок за не усвојување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз во Општина Кавадарци | 26 |
| Заклучок за не усвојување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за авто-такси превоз во Општина Кавадарци | 26 |
| Решение за објавување на Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„Димката Ангелов Габерот“ Кавадарциза учебната 2021/2022 година | 27 |
| Решение за давање позитивно мислење на Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„Димката Ангелов Габерот“ Кавадарциза учебната 2021/2022 година | 27 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за редовното работењето на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев- Јасмин“ Кавадарци за трето тромесечие од 2021 година | 28 |
| Заклучок за усвојување на Извештајот за редовното работењето на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин“ Кавадарци за трето тромесечие од 2021 година | 28 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин“ Кавадарци за 2022година | 29 |
| Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев-Јасмин“ Кавадарци за 2022година | 30 |
| Решение за објавување наЗаклучок за одобрување на План на измена и дополнување на Планот на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2022 година | 30 |
| Заклучок за одобрување на План на измена и дополнување на Планот на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2022 година | 31 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05 ..........75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлука**
**за давање согласност на Одлука за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на**
**ЈП „Комуналец“ Кавадарци од минати години**

1.**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност на Одлука за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП „Комуналец“ Кавадарци од минати години, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2021 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7324/1** ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**16.12.2021 година** ГРАДОНАЧАЛНИК,
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002) а во врска со член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ 38/96.....35/19) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 4-тата седница одржана на ден 14.12.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Одлука за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на**
**ЈП „Комуналец“ Кавадарци од минати години**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлука со арх.бр. 02-1918/12 за распределба на акумулирана добивка (нераспределена добивка) на ЈП „Комуналец“ Кавадарци од минати години, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, на седница одржана на ден 09.12.2021 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 7099/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05 ..........75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1,,,МОНОПОЛ,, КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1,,МОНОПОЛ,, КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

**Бр.09-7324/2** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.12.2021 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен Весник на Република Македонија,, бр.5/2002), член 41 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Сл.весник на РМ” бр.199/14....168/18), член 20 став 3 од Закон за урбанистичко планирање(,,Сл.Весник на РСМ,, бр.32/20) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 4-тата седница одржана на ден 14.12.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1,,,МОНОПОЛ,, КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци донесува Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1,,,МОНОПОЛ,, КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025.

Документацијата за донесување Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1„„МОНОПОЛ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025, е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (”Службен весник на РМ” бр. 199/14....168/18), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистички планирање („Службен весник на РМ” бр. 142/15...86/18) и Правилник за поблиска содржина,форма и начин на ГУП, ДУП,УПС,УПВНМ, регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и архитектонско урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура („Службен весник на РМ” бр.142/15.).

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1„„МОНОПОЛ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025, е со вкупна површина од 14,5 ха.

**Член 3**

Составен дел на оваа одлука е :

-Текстуален дел и графички приказ на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби за донесување Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1„„МОНОПОЛ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025;

Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.24-6461/4 од 13.12.2021 година.

**Член 4**

Одлуката за донесување Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1„„МОНОПОЛ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025 ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Со прикачување во електронска форма на Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1„„МОНОПОЛ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025, истиот станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам со бр.на постапка 29601.

**Член 6**

Општина Кавадарци - Детален Урбанистички План за УЕ 6, Блок 6.1„„МОНОПОЛ„ КО Кавадарци, Општина Кавадарци 2020-2025, ке го објави во електронска форма на својата WEB страна .

**Член 7**

Оваа Одлука ја спроведува Секторот за комунално уредување, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Кавадарци.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 7099/2**
**14.12.2021 година**
**К а в а д а р ц и**

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа("Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05 ..........75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука
## за давање согласност за склучување на Договор

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност за склучување на Договор, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7324/3**
**16.12.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002) а во врска со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно семјиште на просторот на општина Кавадарци за 2021 година со арх.бр. - 6854/28 од 03.12.2021 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.3/21), и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 4-тата седница одржана на ден 14.12.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за склучување на Договор**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Договор за уредување на начинот на плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште и заемните односи за изградба на станбени згради, врз основа на извод од урбанистички план со намена А2 - домување во станбени згради, по поднесено Барање со арх.бр.11-7250/1 од 14.12.2021 година, од инвеститор -Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-ТРЕЈД Илија и други Доо Кавадарци со седиште во Кавадарци со адреса на ул. „Индустриска“ бр.2 со ЕМБС 4305582, претставувано и застапувано преку законски застапник Тихомир Димов од Кавадарци.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 7099/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05 ..........75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлука за усвојување на Локален Еколошки Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Кавадарци, со Заклучок**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Локален Еколошки Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Кавадарци, со Заклучок, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7324/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 1 и член 62 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002) а во врска со член 60 од Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. бр.53/05....99/18) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци"бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 4-тата седница одржана на ден 14.12.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за усвојување на**
**Локален Еколошки Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Кавадарци, со Заклучок**

**Член 1**

Со оваа одлука СЕ УСВОЈУВА Локален Еколошки Акционен План на животна средина (ЛЕАП) за Општина Кавадарци, со Заклучок .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„

**Бр.08- 7099/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.5/02) и член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05...75/21), расправајќи по -Локален Еколошки Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Кавадарци,

Советот на Општина Кавадарци на 4-тата седница одржана на ден 14.12.2021 година, донесе,

**З А К Л У Ч О К**

1.Советот на Општина Кавадарци предлага дополнување на работните групи формирани за изработка на Локален Еколошки Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Кавадарци, со претставници на членови на Совет на Општина Кавадарци.

2. Советот на Општина Кавадарци иницира одржување на работни состаноци на секоја подделна работна група, најмалку еднаш на секои три месеци, заради следење на реализацијата на ЛЕАП и достигнувањата во поделна област.

3.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) со денот на донесувањето а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 7099/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05 ..........75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Стратегија на Општина Кавадарци за соработка со граѓанските организации 2021-2025 со Акциски план**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Стратегија на Општина Кавадарци за соработка со граѓанските организации 2021-2025 со Акциски план, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци,, .

**Бр.09-7324/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 4-тата седница одржана на ден 14.12.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Стратегија на Општина Кавадарци за соработка со граѓанските организации 2021-2025 со Акциски план**

**Член 1**

Со оваа одлука СЕ УСВОЈУВА Стратегија на Општина Кавадарци за соработка со граѓанските организации 2021-2025 со Акциски план.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во ,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,

**Бр.08- 7099/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05 ..........75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на**
**Стратешки План за намалување на ризиците од катастрофи на Општина Кавадарци 2021-2025**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Стратешки План за намалување на ризиците од катастрофи на Општина Кавадарци 2021-2025, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7324/6**
**16.12.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 1 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 4-тата седница одржана на ден 14.12.2021 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за усвојување на**
**Стратешки План за намалување на ризиците од катастрофи на Општина Кавадарци 2021-2025**

**Член 1**

Со оваа одлука СЕ УСВОЈУВА Стратешки План за намалување на ризиците од катастрофи на Општина Кавадарци 2021-2025.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„

**Бр.08- 7099/6**
**14.12.2021 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05 ..........75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програма за изменување и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Програма за изменување и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7324/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 2 точка 4 и член 80 и 80-а од Законот за градење (“Службен Весник на РМ” бр. 130/2009....18/20), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 4-тата седница одржана на ден 14.12.2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци бр. 08-6496/20 од 16.12.2020 година, бр.08-888/9 од 17.02.2021 година, бр.08-1461/52 од 12.03.2021 година, бр.08-3770/7 од 30.06.2021 година, се врши следното изменување и дополнување:

Во Глава 8 – Урбана Опрема - монтажно демонтажни типски објект
„ СЕ ДОДАВА нова алинеја 13 која гласи :
– локација 16 м$^2$ парк „ Љупчо Шкартов”„.
Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 7099/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05 ..........75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќа за користење на општинските јавните патишта**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќа за користење на општинските јавните патишта, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7324/8**
**16.12.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 62 од Законот за јавни патишта („ Сл.Весник на РМ„ бр. 84/08...163/16 и „Сл.Весник на РСМ“ бр.174/21 ), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 4-тата седница одржана на ден 14.12.2021година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќа за користење на општинските јавните патишта**
**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќа за користење на општинските јавни патишта („Службен Гласник на Општина Кавадарци„ бр. 32/11, 52/12, 3/13, 43/16 и 6/18), се врши следната измена и дополнување:

Во член 2 после алинеја 5 се додоава нова алинеја 6 која гласи:

- „За реклами поставени на постоечки санитарни кабини – 18 евра годишно во денарска противредност плус ДДВ за м$^2$ без осветлување, за реклами со осветлување важи Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта.

| Ред бр | Моќност | P(W) | Просечен број на работни часови во 1 деноночие | Број на денови | Потрошена електрична енергоја на годишно ниво во KWH | Цена на 1 KWH во денари со ДДВ | Потрошена електрична енергија на годишно ниво во денари со ДДВ | Паушал за монтажа / демонтажа во денари со ДДВ | Севкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Приклучена моќност со 50 W | 50 | 12 | 365 | | 6,6 | 1445 | 600 | 2045 |
| 2 | Приклучена моќност со 100 W | 100 | 12 | 365 | | 6,6 | 2450 | 600 | 3491 |
| 3 | Приклучена моќност со 200 W | 200 | 12 | 365 | | 6,6 | 4900 | 600 | 6382 |

Во останатиот дел Програмата останува непроменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањњто, а ќе се објави во „ „Сл. Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 7099/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**14.12.2021 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05 ..........75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Програма за волонтери на Општина Кавадарци за 2022 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Програма за волонтери на Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-7324/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**16.12.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 6 став 2 од Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија” бр. 85/07, 161/08, 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 103/21) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 4-тата седница одржана на ден 14.12.2021 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ВОЛОНТЕРИ ВО
# ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2022 ГОДИНА

## I. Општа одредби

### Член 1

Со оваа Програма се утврдува потребата од ангажирање на волонтери, видот на услугите и начинот на вршење на волонтерството и постапката за обезбедување на истите.

### Член 2

Волонтерството претставува активност од интерес за Република Северна Македонија кое придонесува за подобрување на квалитетот на животот со активно вклучување на луѓето во општествениот живот, како и за развој на хумано и рамноправно демократско општество.

### Член 3

Под волонтерство се подразбира доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и /или вршење на други активности во корист на други лица,органи,организации и други институции, без надоместок.

Со Законот за волонтерство не се ограничува можноста да се даваат волонтерски услуги кои се дел од непостојана или случајна природа на доброволна основа, без надоместок.

Под волонтерство, според Законот за волонтерство, не се подразбира вршење на волонтерски стаж, согласно со Законот за работните односи.

### Член 4

Волонтер е физичко лице кое дава услуги,вештини и знаења во корист на други лица, органи, организации и други институции, на доброволна основа и без финансиска или друга лична добивка.

## II. Услови и начин на вршење на волонтерството

### Член 5

Волонтер може да биде домашно физичко лице.

Волонтер може да биде и малолетно лице со писмена согласност од неговите родители или старатели. Договор за волонтирање со малолетни лица може да се склучи само со писмена согласност од неговите родители или старатели.

Одредбите од Законот за работните односи, кои се однесуваат на заштита на лицата од 15 до 18 години, соодветно се применуваат на малолетните лица кои волонтираат.

Член 6

Организатор на волонтерската работа е Општина Кавадарци.

Член 7

Организаторот на волонтерската работа не смее волонтерот да го стави во нееднаква положба поради расата, бојата на кожата,полот,возраста,здравствената состојба, односно инвалидност,религиозното,политичкото или друго убедување,националното или социјалното потекло, статутот на семејството,имотната состојба,половата насоченост или заради други лични околности.

III. Потреба од ангажирање на волонтери

Член 8

Општина Кавадарци има потреба од ангажирање на волонтери, за извршување на работи од надлежност на локалната самоуправа, за спроведување на активности по проектот „За чисто и убаво Кавадарци” и спроведување на тековни непредвидени волонтерски активности.

IV . Вид на услуги

Член 9

Волонтерските услуги се однесуваат на доброволно извршување на активности за почист и позелен град и тоа:

- оплеменување на зеленилото низ градот,
- засадување на нови садници,
- подигање на нови зелени површини низ градот,
- средување на јавните зелени површини низ градот,
- кастрење на вегетацијата,
- и одржување на селските патишта и фудбалски игралишта ,
- како и чистење и одржавање на чистотата на повеќе локации како што се: просторот на поранешна дискотека Ла Луна, градски парк, месноста Моклиште, околината покрај новиот суд, главните влезови на градот, околината кај споменикот 12 те Другари и други локации,
- и други тековни непредвидени волонтерски активности.

V. Начин и постапка за обезбедување на волонтерските услуги

Член 10

Постапката за ангажирање на волонтер започнува со објавување на Јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтирање во Општина Кавадарци на веб страната на општината и на огласна табла во општината.

По објавениот јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтирање во Општина Кавадарци се поднесува пријава од страна на кандидатот- волонтер, по што се поднесува предлог до Градоначалникот на Општина Кавадарци.

